


# ИТ ВНАТРЕШЕН РЕВИЗОР - СОРАБОТНИК

**Локација:** Скопје

**Оддел:** Дирекција за внатрешна ревизија

Одлична шанса да се приклучите кон реномирана меѓународна банкарска групација и да станете дел од професионален меѓународен тим на Внатрешна ревизија со долгорочни можности за кариерен развој, да учествувате во процесот на идентификување и оценка на ризиците, како и реализација на ревизорскиот циклус во матрицата на деловни процеси на Банката. Извршување на ревизии на бази на податоци со цел идентификување на обрасците, трендовите и аномалиите во големите збирки на податоци, како и проценка на ризиците и дигиталната сигурност.

**200 години групациско искуство Erste & Steiermärkische Sparkasse**

**36 експозитури**

**повеќе од 200.000 клиенти во земјата**

**посветеност, кредибилет и сигурност**

## Што ќе биде твојата улога

**Ревизии на бази на податоци:** Спроведување ревизија користејќи техники за анализа на податоци со цел идентификување на обрасците, трендовите и аномалиите во големите збирки на податоци. Развој на модели на податоци за поддршка на целите на ревизијата и проценка на ризичните области.

**Знаење на SQL и/или Python:** Користење на SQL и/или Python за извлекување, трансформација и анализа на податоци. Изработка на скрипти со цел повлекување на податоци од различни дата бази и вршење на длабинска анализа за поддржување на наодите од ревизијата.

**Автоматизација на процеси:** Развој на скрипти и автоматизирани процеси за насочување на анализата на податоците и известувањето во процесот на ревизија, зголемувајќи ја ефикасноста и точноста.

**Дигитална сигурност и проценка на ризици:** Спроведување на проценка на ризиците и преглед на имплементираните безбедносни стандарди и контроли, под надзор на Сениор Ревизор.

**Известување и комуникација:** Презентација на наодите и препораките од ревизијата до засегнатите страни на јасен и концизен начин, вклучувајќи акциски планови и следење, под надзор на Сениор Ревизор.

**Континуирано учење:** Континуирано следење на најновите случувања во анализата на податоци, методологиите за ревизија и регулаторните барања. Примена на нови знаења за подобрување на процесот на ревизија.

## Кои квалификации се потребни

**Академски квалификации:** ВСС - Информатичка технологија и инженерство, анализа на податоци, компјутерски науки или поврзана област. Релевантна професионална сертификација (CISA или слично) ќе се смета за предност.

**Технички вештини:** Стручност во моделирање на податоци користејќи SQL и/или Python. Познавање на алатките за визуелизација на податоци Tableau или Power BI ќе се смета за предност. Познавање на ИТ инфраструктура (Мрежа, SQL сервери и дата бази) во смисла на усогласеност со најдобрите стандарди во индустријата за дигитална сигурност.

**Аналитички начин на размислување:** Силни аналитички вештини и решавање на проблеми, со особено внимание на деталите. Способност да се интерпретираат сложени податоци и да се препорачаат мерки за подобрување.

**Комуникациски вештини:** Одлични писмени и вербални комуникациски вештини, со способност за презентирање на сложени податоци на разбирлив начин.

**Тимска соработка:** Способност за ефективно работење во тимско опкружување и соработка со различни оддели.

## Кои ќе бидат твоите придобивки

Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse

Приватно здравствено осигурување

Конкурентна плата и дополнителни надоместоци

Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, ангажманот, но и тимскиот дух

Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee’s wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивационо писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **26.03.2025 година** со назнака **„Апликација за ИТ ВНАТРЕШЕН РЕВИЗОР - СОРАБОТНИК“.**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #КариераБезБариера #ВерувајВоИднината**

Те очекуваме!